Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Дванаесеттата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 февруари 2022 година

Скопје, февруари 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Дванаесеттата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 февруари 2022 година**

Седницата започна во 14:35 часот.

Со седницата претседаваше првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците д-р Артан Груби.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, доц. д-р Бисера Костадиновска Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, како и Анита Трпевска, државен секретар во Министерството за образование и наука.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Пеце Мирчески директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски и членовите на Владата м-р Беким Сали, министер за здравство и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*           *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Инвестициона програма на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука

2. Програма за работа за 2022 година и Финансиски план за 2022 година на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - берза - Скопје, со Предлог-одлука

3. Годишна инвестициона програмата за 2022 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" -Скопје, Финансиски план за 2022 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје и Програма за работа и развој за 2022 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" -Скопје, со Предлог-одлука

4. Инвестициона програма на ЈП за водоснабдување Студенчица - Кичево за 2022 година, Финансиски план и Програма за работа за 2022 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево, со Предлог-одлука

5. Годишна инвестициона програма за 2022 година на ЈПВ Лисиче-Велес, Финансиски план и Програма за работа за 2022 година на ЈПВ „Лисиче" -Велес, со Предлог-одлука

6. Годишна инвестициона програма за 2022 година, Финансов план за 2022 и Програма за работа на ЈП „Стрежево" Битола, со Предлог-одлука

7. Годишна инвестициона програма на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип за 2022 година, Финансиски план и Програма за работа за 2022 година на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица" Пробиштип, со Предлог-одлука

8. Предлог-годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2022 година

9. Бизнис план на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2022 година, со Инвестициона програма и Предлог-одлука

10. Годишна инвестициона програма на ЈП за стопанисување со пасишта за 2022 година, со Предлог - одлука

11. Инвестициона програма на Јавното претпријатие Колекторски систем за 2022 година

12. Информација за Годишната програма за националната инфраструктура на просторните податоци за 2022 година, со Годишна програма

13. Годишна програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2022 година, со Предлог-одлука

14. Информација за Програма за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2022 година, со Предлог-програма

15. Информација за Програма за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2022 година, со Предлог-програма

16. Информација за донесување на Програма за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-програма

17. Информација за Годишен план за работа на Агенција за храна и ветеринарство за 2022 година, со Предлог-одлука и Предлог-програма

18. Финансиски план за 2022 година и Годишен план за работа за 2022 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог-одлука

19. Годишна програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2022 година, со Предлог-одлука

20. Годишен финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2022 година, со Предлог-одлука

21. Програма за работа на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија за 2022 година, со предлог-одлуки

22. Информација за Годишна програма за работа и Годишен финансиски план за 2022 година на Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог-одлуки

23. Финансиски план на Фондот за осигурување на депозити за 2022 година и Програма за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2022 година, со Предлог-одлука

24. Програма за работа, Финансиски план и Инвестициона програма на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог - одлука

25. Предлог-програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2022 година

26. Предлог-програма за основни геолошки истражувања за 2022 година

27. Предлог-програма за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2022 година

28. Предлог-програма за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2022 година

29. Предлог-програма за развој на спорт и млади за 2022 година

30. Предлог-програма за распределба на средства од игри на среќа и забавни игри за 2022 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија

31. Предлог-програма за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организациите за млади и младинските чадор организации за 2022 година

32. Предлог-програма за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите за 2022 година

33. Предлог-годишна програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2022 година

34. Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2022 година

35. Предлог-програма за инвестирање во животната средина за 2022 година

36. Предлог-годишна програма за финансирање на изработка на Просторен план на Република Северна Македонија за 2022 година

37. Предлог-програма за заштита на природата за 2022 година

38. Предлог-програма за управување со водите за 2022 година

39. Предлог-програма за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2022 година

40. Предлог-програма за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2022 година

41. Предлог-програма за поддршка на конкурентност на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2022 година

42. Предлог-програма за субвенционирање на дел од трошоците за купување и вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата за 2022 година

43. Предлог-програма за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи

44. Предлог-програма за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2022 година

45. Предлог-програма за промоција на обновливите извори на енергија во домаќинствата за 2022 година

46. Предлог-програма за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2022 година

47. Предлог-национална годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2022 година

48. Предлог-програма за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2022 година

49. Предлог-програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2022 година

50. Предлог-програма за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2022 година

51. Предлог-програма за организирање и унапредување на крводарителство во Република Северна Македонија за 2022 година

52. Предлог-програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2022 година

53. Предлог-програма за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед за умрени лица за 2022 година

54. Предлог-програма за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2022 година

55. Предлог-програма за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија за 2022 година

56. Предлог-програма за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2022 година

57. Предлог-програма за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Северна Македонија за 2022 година

58. Предлог-програма за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2022 година

59. Предлог-програма за рана детекција на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2022 година

60. Предлог-програма за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2022 година

61. Предлог-програма за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2022 година

62. Предлог-програма за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2022 година

63. Предлог-програма за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2022 година

64. Предлог-програма „Здравје за сите“ за 2022 година

65. Предлог-програма за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2022 година

66. Предлог-програма за трансплантација во Република Северна Македонија за 2022 година

67. Информација за реализацијата на Годишната програма за инвестиции во културата за 2021 година и за содржината на Годишната програма за инвестиции во културата за 2022 година со Предлог-одлука

68. Кадровски прашања

69. Прашања и предлози

70. Програма за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, за 2022 година

71. Годишна програма за работа на Центарот за стручно образование и обука за 2022 година, со Финансиски план

72. Годишна програма и Финансиски план на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2022 година

73. Програма за работа на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје за 2022 година

74. Финансиски план на Јавното претпријатие Колекторски систем за 2022 година

75. Финансиски план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година

76. Финансиски план на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2022 година

77. Финансиски план на АД Аеродроми на Република Северна Македонија за 2022 година, со дополнување

78. Годишна програма за работа, Финансиски план и Годишна инвестициона програма на НЕР АД Скопје за 2022 година, со дополнување

79. Инвестициона програма, Финансиски план и Програма за работа на АД ТЕЦ Неготино за 2022 година, со дополнување

80. Финансиски план за 2022 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, со дополнување

81. Годишна програма за работа за 2022 година на АД „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост (МИА)

82. Годишна инвестициона програма за 2022 година на АД „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост (МИА)

83. Финансиски план за 2022 година на АД „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост (МИА)

84. Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за 2022 година

85. Годишна програма за работа на Управата за финансиско разузнавање за 2022 година и Финансиски план на Управата за финансиско разузнавање за 2022 година

86. Годишен план за работа на Инспекциски совет за 2022 година

87. Информација со Годишен финансиски план за 2022 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните Скопје

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го одложи разгледувањето на Инвестиционата програма на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 2**

Владата го одложи разгледувањето на Програмата за работа за 2022 и Финансискиот план за 2022 година на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - берза - Скопје, со Предлог-одлука поради и потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 3**

Владата го одложи разгледувањето на Годишната инвестициона програмата за 2022 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен” - Скопје, Финансискиот план за 2022 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен” - Скопје и Програмата за работа и развој за 2022 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен” - Скопје, со Предлог-

одлука поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 4**

Владата го одложи разгледувањето на Инвестиционата програма на ЈП за водоснабдување Студенчица - Кичево за 2022 година, Финансискиот план и Програмата за работа за 2022 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево, со Предлог-одлука поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 5**

Владата го одложи разгледувањето на Годишната инвестициона програма за 2022 година на ЈПВ Лисиче-Велес, Финансискиот план и Програмата за работа за 2022 година на ЈПВ „Лисиче“ - Велес, со Предлог - одлука поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 6**

Владата го одложи разгледувањето на Годишната инвестициона програма за 2022 година, Финансов план за 2022 и Програма за работа на ЈП „Стрежево” Битола, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

**Точка 7**

Владата го одложи разгледувањето на Годишната инвестициона програма на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип за 2022 година, Финансиски план и Програма за работа за 2022 година на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ Пробиштип, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

**Точка 8**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2022 година, за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

**Точка 9**

Владата го одложи разгледувањето на Бизнис планот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2022 година, со Инвестициона програма и Предлог-одлука, за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

**Точка 10**

Владата го одложи разгледувањето на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2022 година, со Предлог - одлука, за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

**Точка 11**

Владата го одложи разгледувањето на Инвестиционата програма на Јавното претпријатие Колекторски систем за 2022 година, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 12**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за Годишната програма за националната инфраструктура на просторните податоци за 2022 година, со Годишна програма, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот во прилог на материјалот да обезбеди мислења од Министерството за правда и Министерството за животна средина и просторно планирање како и поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

**Точка 13**

Владата го одложи разгледувањето на Годишната програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2022 година, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да обезбеди и во прилог на материјалот да достави мислење од Министерството за правда како и поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

**Точка 14**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за Програма за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2022 година, со Предлог-програма, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 15**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за Програма за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2022 година, со Предлог-програма, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 16**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за донесување на Програма за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-програма, откако претходно истата ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

**Точка 17**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за Годишен план за работа на Агенција за храна и ветеринарство за 2022 година, со Предлог-одлука и Предлог-програма, откако претходно истата ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

**Точка 18**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Финансискиот план за 2022 година и Годишниот план за работа за 2022 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог-одлука, откако претходно истите ќе се разгледаат на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

**Точка 19**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Годишната програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2022 година, со Предлог-одлука, откако претходно истата ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

**Точка 20**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2022 година, со Предлог-одлука, откако претходно истиот ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

**Точка 21**

Владата ја одложи од разгледување Програмата за работа на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија за 2022 година, со предлог-одлуки, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 22**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за Годишна програма за работа и Годишен финансиски план за 2022 година на Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог-одлуки, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 23**

Владата ги одложи од разгледување Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2022 година и Програмата за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2022 година, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 24**

Владата ги одложи од разгледување Програмата за работа, Финансискиот план и Инвестиционата програма на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог - одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа наседница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 25**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2022 година, за наредната

седница на Владата, поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за економија како и да пристапи кон надградување на нивната веб-страница и истата да е функционална на три јазици (македонски, албански и англиски) и најкасно до 31.3.2022 година да ја информира Владата за реализирање на обврската.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 26**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за основни геолошки истражувања за 2022 година, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 27**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2022 година, поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за внатрешни работи во иднина да се планираат доволно парични средства во делот на опремувањето и одржувањето на граничните премини со оглед на тенденцијата за отворање на нови гранични премини, како и отворање на заеднички гранични премини со соседните држави.

**Точка 28**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2022 година, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој и Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 29**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за развој на спорт и млади за 2022 година, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој и Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 30**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за распределба на средства од игри на среќа и забавни игри за 2022 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој и Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 31**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организациите за млади и младински чадор организации за 2022 година, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој и Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 32**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата го донесе новиот текст на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го донесе новиот текст на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за инвестирање во животната средина за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ја донесе Годишната програма за финансирање на изработка на Просторен план на Република Северна Македонија за 2022 година (нов текст), во предложениот текст.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да организира состанок со претставници од Агенцијата за планирање со просторот и Град Скопје, со цел изработка на нов просторен план за заштитена зона Водно.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за заштита на природата за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за управување со водите за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2022 година, во предложениот текст.

Истовремено, потребно е предлагачот да го има предвид Мислењето од Комисијата за заштита на конкуренцијата.

**Точка 41**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за поддршка на конкурентност на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за субвенционирање на дел од трошоците за вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата ја донесе Програмата за промоција на обновливи извори на енергија во домаќинствата за 2022 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата го донесе новиот текст на Националната годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурени за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед за умрени лица за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата ја донесе Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2022 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош, како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата го донесе новиот текст на Програмата „Здравје за сите“ за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за реализацијата на Годишната програма за инвестиции во културата за 2021 година и за содржината на Годишната програма за инвестиции во културтата за 2022 година, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 68**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 69**

1.Владата во врска со одложените точки од Дневниот ред од Дванаесеттата (тематска) седница, заклучи:

- Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање и други да одржат работен состанок во однос на усогласување/изменување на материјалите (инвестициони програми, програми за работа, финансиски планови и др.) од јавните претпријатија основани од Владата и од акционерските друштва во државна сопственост кои остваруваат позитивни финансиски резултати во своето работење и располагаат со ликвидни средства, со цел каде што постои можност да се обезбедат дополнителни средства за давање на позајмица на АД ЕСМ, Скопје, со рок на враќање од шест месеци, а со цел обезбедување на финансиска ликвидност поради одложеното плаќање на фактурите за испорачана електрична енергија.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Програмата за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Центарот за стручно образование и обука за 2022 година, со Финансиски план, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата ја одложи од разгледување Годишната програма и Финансискиот план на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2022 година за наредната седница на Владата поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 73**

Владата ја одложи од разгледување Програмата за работа на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје за 2022 година за наредната седница на Владата поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 74**

Владата го одложи од разгледување Финансискиот план на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје за 2022 година за наредната седница на Владата поради

потребата Министерството за животна средина и просторно планирање да достави мислење по материјалот, како и потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 75**

Владата го одложи од разгледување Финансискиот план на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година за наредната седница на Владата поради потребата предлагачот да достави потврда за платени јавни давачки кон Управата за јавни приходи или план за репрограмирање на долгови кон Управата, како и потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 76**

Владата го одложи од разгледување Финансискиот план на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје за 2022 година за наредната седница на Владата поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 77**

Владата го одложи разгледувањето на Финансискиот план на АД Аеродроми на Република Северна Македонија за 2022 година, со дополнувањето, поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 78**

Владата го одложи разгледувањето на Годишната програма за работа, Финансискиот план и Годишната инвестициона програма на НЕР АД Скопје за 2022 година, со дополнувањето, поради потребата предлагачот во прилог на материјалот да достави мислење од Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции како и поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 79**

Владата го одложи разгледувањето на Инвестиционата програма, Финансискиот план и Програмата за работа на АД ТЕЦ Неготино за 2022 година, со дополнувањата, поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 80**

Владата го одложи разгледувањето на Финансискиот план за 2022 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, со дополнувањето, поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 81**

Владата го одложи разгледувањето на Годишната програма за работа за 2022 година на АД „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост (МИА), поради потребата предлагачот во прилог на материјалот да достави мислење од Министерството за информатичко општество и администрација како и поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

**Точка 82**

Владата, го одложи разгледувањето на Годишната инвестициона програма за 2022 година на АД „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост (МИА), поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

**Точка 83**

Владата, го одложи разгледувањето на Финансискиот план за 2022 година на АД „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост (МИА), поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

**Точка 84**

Владата го одложи разгледувањето на Финансискиот план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис

Трајковски ДООЕЛ Скопје за 2022 година, поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 85**

Владата го одложи разгледувањето на Годишната програма за работа на Управата за финансиско разузнавање за 2022 година и Финансискиот план на Управата за финансиско разузнавање за 2022 година поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 86**

Владата го одложи разгледувањето на Годишниот план за работа на Инспекциски совет за 2022 година, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика и Комисија за политички систем, поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

**Точка 87**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со Годишен финансиски план за 2022 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните Скопје, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика и Комисија за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата од дополнителни консултации со Министерството за финансии.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:55 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**dr Artan Grubi**